**Врз основа на член 9 став (1) алинеја 12 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе:**

# ОПЕРАТИВНА ДИРЕКТИВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

| | |
|---|---|
| **Предмет:** | **Препознавање и прифаќање на сертификати издадени од "Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија (Civil Aviation Directorate of the Republic of Serbia)** |
| **ОДБ број:** | **2023 – 001 - ATD** |
| **Издадена:** | **15.03.2023** |
| **Ефективна од:** | **20.03.2023** |
| **Ревизија :** | **Не е применливо** |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 08-397/1
16-03-2023 год.

**Цел на оперативната директива**
Оваа ОДБ има за цел да го олесни административниот процес на прифаќање и препознавање на сертификати издадени од Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија, посебно за процеси за кои или не постои можност да се извршат во Република Северна Македонија или се нудат без можност за конкурентност.

**Причина за издавање на оперативната директива**
Недостатокот на овластени организации за обука на воздухопловен персонал, организации за техничко одржување, организации за проверка на ниво на познавање на англиски јазик, овластени испитувачи и т.н во Република Северна Македонија наложува голем дел од воздухопловната индустрија, стекувањето со соодветни сертификати, проверки, обуки сервисирање на воздухоплови и д.р да го врши во странство. Согласно направената анализа констатирано е дека најголемиот дел од воздухопловната индустрија во Република Северна Македонија користи услуги од физички и правни лица овластени од Директоратот за цивилно воздухоловство на Република Србија кој по направените стандардизациски инспекции од ICAO и EASA е високо оценет во поглед на усогласоност со меѓународните регулативи и стандарди.

**Врз основа на горенаведените причини Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија ја издава оваа Оперативна директива за безбедност.**

**Применливост**
Сите физички и правни лица кои остваруваат права во постапки пред Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, а кои стекнале сертификати во правни лица или пред физички лица овластени од Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија или која било организација за која Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија обезбедува безбедносен надзор, а кои се издадени во рамките на и во согласност со Регулативата на ЕУ "Regulation (EU) 2018/1139.

**Дефиниции**
За потребите на оваа Оперативна директива за безбедност (ОДБ), се применуваат следните дефиниции:

Нема

**Потребна активност и време на придржување**

Од денот и времето на влегување во сила на оваа ОДБ, Агенцијата за цивилно воздухопловство (АЦВ) ги прифаќа и признава, без дополнителни технички барања или евалуација (кон подносителите на барањата), сите сертификати издадени од Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија или која било организација за која Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија обезбедува безбедносен надзор, а кои се издадени во рамките на и во согласност со ЕУ "Regulation (EU) 2018/1139.

Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија најмалку еднаш годишно ќе одржува консултативни надзорни состаноци со Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија, за секоја област посебно, со цел утврдување на степенот на придржување кон европските регулативи, нивото на усогласеност на регулативите кои се применуваат од страна на двете воздухопловни власти, отворени наоди од стандардизациски инспекции од EASA и надзорните активности спроведени од Директоратот за цивилно воздухопловство на Република Србија.

**Забелешка:**

1. Прашања во врска со оваа ОДБ треба да се доставуваат до Агенцијата за цивилно воздухопловство
Електронска пошта: e – mail:info@caa.gov.mk

**Директор**

**д-р Томислав Тунтев**